НОВ ТЕКСТ

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА

## ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

## ЗА 2018 година

Март, 2019 година

## I СТАТИСТИКА

## ПАТЕНТИ

### Патентни пријави во 2018 година

| Година | Домашни | Странски, национална фаза | | | Вк. Пред ДЗИС | Издададени решенија за признавање на правото за патент |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ДСП[1)] | ЕПЗ [2)] проши. | Пред ДЗИС | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5= 1+4 | 6 |
| 2018 | 32 | 2 | 1060 | 1062 | 1094 | 1277 |

Во Државниот завод за индустриска сопственост на Република Северна Македонија во текот на 2018 година поднесени се 1094 патентни пријави од кои 32 пријави се национални пријави, 2 пријави се преку ДСП и 1060 се европски патенти (патенти кои ги признал ЕПЗ). Бројот на поднесените патентни пријави во 2018 година е зголемен за 9,1%. Зголемувањето на бројот на поднесените патентни пријави во 2018 година се должи на зголемувањето на пријавите за регистрирање на европските патенти. Од вкупниот број на европските патенти 248 пријави се ЕРО пријави (23.3%) додека останатите 812 се Euro PCT пријави (76.7%).

Во текот на 2018 година, пред Државниот завод за индустриска сопственост на Република Северна Македонија, поднесени се вкупно 32 пријави, од кои 31 пријави се од домашни подносители/иноватори и само една пријава е од странски подносител/иноватор.

Доколку ги споредуваме домашните пријави поднесени од физички лица (21 пријава) со бројот на поднесени пријави од правни лица (11 пријави), тогаш тој соодност е 65% наспрема 35% од вкупниот број на домашните пријави за патенти.

Ако ја разгледуваме структурата на поднесените патентни пријави по извори во 2018, остварено е зголемување на учеството на странските патентни пријави за 11.6%, а соодветно со тоа се променува и структурата по земји од кои потекнуваат пријавите. Во 2018 година бројот на пријави кои се поднесени од Америка, Германија и Швајцарија се скоро исти со предходната година, додека бројот на пријави кои се поднесени од Велика Британија (од 42 на 68) и од Јапонија (од 39 на 64) е значително зголемен.

---

[1)] ДСП - Договор за соработка во областа на патентите

[2)] ЕПЗ - Европски патентен завод

## Патентни пријави по извори во 2018 година




| | Земји | Број на пријави | % |
|---|---|---|---|
| 1 | US | 330 | 30.1 |
| 2 | DE | 110 | 10.1 |
| 3 | GB | 68 | 6.2 |
| 4 | JP | 64 | 5.8 |
| 5 | CH | 58 | 5.3 |
| 6 | KR | 55 | 5 |
| 7 | IT | 48 | 4.4 |
| 8 | FR | 45 | 4.1 |
| 9 | NL | 27 | 2.5 |
| 10 | BE | 27 | 2.5 |
| 11 | SE | 21 | 1.9 |
| 12 | AT | 21 | 1.9 |
| 13 | DK | 16 | 1.5 |
| 14 | FI | 16 | 1.5 |
| 15 | ES | 16 | 1.5 |
| 16 | MK | 31 | 2.8 |
| 17 | Останати | 110 | 10.1 |

**Поднесените пријави за патенти според Меѓународната класификација на патенти (МКП) во 2018 година**




| МКП класификација | Број на пријави | % |
|---|---|---|
| A | 680 | 63.02 |
| B | 97 | 8,99 |
| C | 129 | 11,96 |
| D | 5 | 0,46 |
| E | 26 | 2,41 |
| F | 32 | 2,97 |
| G | 29 | 2,69 |
| H | 81 | 7,51 |

Структурата на поднесените пријави за патенти според МКП е со најголемо учество на секцијата А (тековни животни потреби) со 63% и секцијата С (хемија, металургија) со 9%, што укажува дека интересот за заштита е поврзан со структурата на производните капацитети во Република Северна Македонија.

## Останати статистички информации за патенти

Покрај ова, во текот на 2018 година Државниот завод за индустриска сопственост извршил и други активности од доменот на патентите: завршена е постапката за 1319 барања за признавање на патент за кои се издадени 1277 решенија за признавање на патент, отфрлени се 36 барања за признавање на патент и одбиени се 6 барања за признавање на патент. Исто така решени се и 31 барање за пребарување во базите на податоци за патенти. Во текот на 2018 година издадени се и вкупно 229 решенија за промени во регистрите, како што се промени на име, адреса или застапник на подносителот/носителот, пренос на право или спојување на фирма.

## ТРГОВСКИ МАРКИ

### Пријави на трговски марки во 2018 година

| Година | Домашни | Странски пријави | | | | Вкупно по Мадрид. Договор/протокол | Вкупно странски | Вкупно пријави | Издадени решенија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Пред ДЗИС | По Мадридски аранжман | | | | | | |
| | | | Нови | Терит. пр | Прод. на еф. | | | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=3+4+5 | 7=6+2 | 8=7+1 | 9 |
| 2018 | 843 | 474 | 2570 | 438 | 4052 | 7050 | 7524 | 8367 | 1511 |

Во текот на 2018 година, во Државниот завод за индустриска сопственост на Република Северна Македонија, се пристигнати вкупно 4325 пријави и 4052 продолжување на важење за трговски марки, од кои 69% според Мадридски пртокол, а останатите се поднесени до Државниот завод за индустриска сопственост. Во структурата на вкупниот број пријави 80% се од странство. Во 2018 година, се пристигнати вкупно 4325 пријави за трговски марки што претставува зголемување од само 6 пријави.
Пред Државниот завод во текот на 2018 година, поднесени се вкупно 1322 пријави со што нивниот број е зголемен за 52 пријави или 4 %. Од вкупниот број поднесени пријави 843 се од домашни подносители, што е зголемување за помалку од 1%, и 474 пријави од странски подносители.

Според Мадридскиот протокол, во текот на 2018 година, се поднесени вкупно 3051 пријави за трговски марки, од кои 2570 се нови пријави и 438 територијални проширувања. Бројот на пријави според овој Протокол бележи намалување од  скоро 2%.

Во структурата на вкупниот број пријави 80% се од странство, а само 20% се од домашни подносители.

***Пријави на трговски марки поднесени во ДЗИС***

| Година | Д омашни | Странски | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2018 | 843 | 474 | 1322 |

Бројот на поднесените пријави за трговски марки во 2018 година, изнесува 1322 и бележи зголемување за %. Зголемување  на бројот пријави за трговски марки во 2018 година е забележано кај домашние за две пријави, а кај странските има намалување за 1 %.

### Пријави на трговски марки според Ничанската класификација во 2018

| Класа | Број | % |
|---|---|---|
| 35 | 408 | 14,2 |
| 05 | 206 | 8,2 |
| 41 | 199 | 6,4 |
| 30 | 183 | 6,2 |
| 29 | 148 | 6 |
| 03 | 124 | 4,4 |
| 43 | 108 | 4,4 |
| 36 | 107 | 3.9 |
| 16 | 99 | 3,2 |
| 25 | 98 | 3,1 |
| останати | 1009 | 40 |

Од сите пристигнати пријави по класи во 2018 година, може да се забележи дека е присутна тенденција на сé поголема дисперзија на пријави од разни класи, односно покрај прикажаните осум најзастапени класи има уште шест класи со околу стотина или повеќе пријави. Може да се заклучи дека најзначајно е учеството на пријавите што се поврзани со производсво и трговија на фармацевтски и производи за медицинска употреба, како и на производството или подготовката на прехранбени производи, со оглед на тоа што Република Северна Македонија има развиена фармацевтска и прехранбена индустрија.

### Признаени трговски марки во 2018 година

| Година | Д омашни | Странски | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2018 | 910 | 601 | 1511 |

Во 2018 година, издадени се 1511 решенија за признавање на право на трговска марка што бележи намалување.

### Меѓународно регистрирани трговски марки од Република Северна Македонија

Меѓународно регистрираните македонски трговски марки во рамките на Мадридскиот договор и протокол во 2018 година е намален. Во 2018 година меѓународно се регистрирани 30 трговски марки што укажува на намалување на бројот на меѓународни заштити. Покрај ваквите движења остварени во 2018 година, постои простор состојбата со меѓународно регистрираните македонски трговски

марки да се подобри, затоа треба што повеќе да се укажува на фактот дека македонските фирми сѐ уште го немаат сфатено значењето на меѓународната заштита на трговските марки и фактот дека користењето на Мадридскиот систем дава погодности (пониска цена, една пријава за повеќе држави и сл.), во однос на пријавувањето по земји.

## Останати статистички информации за трговските марки

Во текот на 2018 година, Државниот завод за индустриска сопственост изврши и други активности од доменот на трговските марки. Во текот на 2018 година издадени се вкупно 1060 решенија за промени во регистрите, односно издадени се: 680 решенија за продолжување на важењето на трговските марки, 184 решенија за промени во регистрите, 68 решенија за спојување на фирма, 128 решенија за пренос на право, 1124 решенија за престанок на важење на трговските марки, 1715 задолжувања за плаќање такси по решенија за трговски марки, 1511 исправи за трговски марки, известување за утврдување на датум на поднесување на пријавата 1680, 160 потврди и изводи за пријавени и регистрирани трговски марки, 177 решерши, 263 решенија за отфрлање, престанок на важење и одбивање на трговски марки, 1621 задолжувања за плаќање трошоци за објава на пријава на трговска марка, 1812 утврдувања на дата на поднесување на пријавата, а 1344 решенија за промена на застапник и име и адреса.

## ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН

### Пријави на индустриски дизајн во 2018 година

| **Година** | **Домашни** | **Странски пријави** | | **Вкупно странски** | **Вкупно пријави** | **Издадени решенија** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Пред ДЗИС | По Хашки договор | | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4=2+3 | 5=4+1 | 6 |
| **2018** | 33 | | 194 | 194 | 227 | 35 |

Во текот на 2018 година до Државниот завод за индустриска сопственост биле поднесени 227 пријави за индустриски дизајн. Бројот на вкупно поднесените пријави за индустриски дизајн во 2018 година, е намален за 8%. Во рамките на вкупниот број поднесени пријави за индустриски дизајн до Државниот завод, домашните во 2018 година, бележат намалување од 1%. Од вкупниот број поднесени пријави, 33 се поднесени во Заводот, 194 преку Хашкиот договор за меѓународно регистрирање на индустриски дизајни, од кои 194 се нови, а 542 се однесуваат на индустриски дизајни за кои е продолжено важењето за територијата на Република Северна Македонија.
Карактеристично за дизајните е тоа што со една пријава за признавање на правото на индустриски дизајн, може да се бара заштита на повеќе дизајни на производи (повеќекратна пријава), притоа сите дизајни од пријавата мора да се наменети да се применуваат на производи класифицирани во иста класа според Меѓународната класификација (Локарнска класификација). Според тоа, од поднесените 33 пријави во Заводот, повеќето се повеќекратни, со вкупно 94 индустриски дизајни.

**Пријави на индустриски дизајн поднесени во ДЗИС**

| Година | Домашни | Странски | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2018 | 33 | - | 33 |

Бројот на поднесените пријави за индустриски дизајн во 2018 година, поднесени во Заводот изнесува 33 и е намален **за 01%.** Намалувањето на бројот на пријави за индустриски дизајн во 2018 година, е забележан кај домашните, а кај странските пријави не е поднесена ниту една пријава. Од ваквиот однос на поднесени пријави за индустриски дизајн следи зголемување на учество на домашните пријави и намалување на странските пријави.

**Признаени индустриски дизајни во 2018 година**

| Година | Домашни | Странски | Меѓународни | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2018 | 33 | - | 194 | 227 |

Во 2018 година, во Заводот донесени се 35 решенија за признавање на право од индустриски дизајн со вкупен број од 83 индустриски дизајни, и 194 странски меѓународно признаени за територијата на Република Северна Македонија и 542 продолжување на важење на индустрискиот дизајн.
Инаку, овде требе да се напомене дека во вкупниот број меѓународно поднесени и регистрирани пријави по Хашки договор, се евидентирани со една или како повеќекратни пријави за индустриски дизајни и изнесува 2278 индустриски дизајни.

**Признаени индустриски дизајни по извори вкупно во 2018**




| **Земји** | **Пријави** | **%** |
|---|---|---|
| CH | 72 | 32 |
| DE | 32 | 14 |
| FR | 29 | 12.7 |
| IT | 18 | 7,9 |
| TR | 15 | 6.7 |
| NL | 11 | 4.8 |
| BG | 17 | 7.4 |
| MK | 33 | 14.5 |

Гледано по извори од вкупниот број индустриски дизајни кои важат за територијата на Република Северна Македонија, најголемо учество во 2018 година има Швајцарија со 72 регистрирани индустриски дизајни или процентуално 19,3%. Потоа следуваат: Германија со 32 или процентуално 17,5,0%, Франција со 29 регистрирани индустриски дизајни или 16,6%, Италија со 18 или процентуално од 8,6% , Турција со 15 или процентуално 4,1%, Холандија со 11 регистрирани дизајни или процентуално од 3,6%, Бугарија со 17 или процентуално од 3,5%, Македонија со 33 17,4 % итн.

**Пријави на индустриски дизајн по Хашки договор според Меѓународната класификација за индустриски дизајн (Локарнска класификација)**




| Класа | % |
|---|---|
| 09 | 23 |
| 25 | 27 |
| 23 | 9.5 |
| 06 | 8.6 |
| останати | 31.9 |

Од приложениот графикон се забележува дека во Државниот завод за индустриска сопственост на Република Северна Македонија, во 2018 година, со учество од 23% структурно најзастапени се признаените индустриски дизајни од класата 09, следи класата 25 со учество од 27% и класата 23 со учество од 9,5% . **Класата 25 се** однесуваат на градби и елементи за градежништво **класата 14** се однесува на опрема за електронски записи, комуникација или обработка на информациии и класата 11 се однесува на украсни предмети.

## Останати статистички информации за индустриски дизајни

Во текот на 2018 година, Државниот завод за индустриска сопственост извршил и други активности од доменот на индустриските дизајни, односно донесени се 32 решенија за продолжување на индустрискиот дизајн, 6 решенија за отфрлање на пријавата, донесени се 4 решенија кој се однесуваат на промени во регистрите за индустриски дизајн, направени се 59 исправи за индустриски дизајн, 47 известувања за

утврдување на датум на поднесување на пријавата, 32 известување за плаќање трошоци за објава во гласник и 35 известувања за плаќање такси за решенија за признавања на индустриски дизајн . Понатаму извршени се 7 пребарувања во базите на податоци по барање на странките.

## II. БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

### Соработка со странски заводи во областа на индустриската сопственост

**На 27 април 2018 година во Тирана** беше **потпишан Меморандум за разбирање** помеѓу Државниот завод за индустриска сопственост на Република Северна Македонија и Генералниот директорат за индустриска сопственост на Република Албанија.

Со потпишувањето на овој Меморандум ќе се поттикне меѓусебната соработка со цел да се промовира, да се подигне свеста и да се зајакнат националните системи за индустриска сопственост со цел да се гарантираат, заштитат и користат правата од индустриска сопственост.

Меморандумот за разбирање предвидува специфични области на соработка помеѓу двете институции со цел да се постигнат целите како што се меѓусебната размена на искуства, информации и публикации од областа на индустриската сопственост, подигањето на свеста за заштитата на индустриската сопственост за јавноста и нејзино унапредување, политиката за обука на вработените според програми за специјализација или семинари.

## III. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### Соработка со Светската организација за интелектуална сопственост (СОИС)

Во соработка со Светската организација за интелектуална сопственост и Европската патентна организација во текот на 2018 година, организирана е 25 годишнината од постоењето на Државниот завод за индустриска сопственост. Во рамките на активностите за одбележување на 25 годишнината од основањето, Државниот завод за индустриска сопственост, на 18 октомври, организираше Конференција на тема: Трансфер на технологија и правата на интелектуална сопственост во Република Македонија на која земаа учество застапниците од областа на индустриската сопственост и вработените од Заводот.

Вработени од Заводот учествуваа на Генералното собрание на WIPO, постојаните комитети и работни групи што редовно се одржуваат под покровителство на Светската организација за интелектуална сопственост.

### Соработка со Европската патентна организација (ЕПО)

Во текот на 2018 година, Државниот завод за индустриска сопственост земаше активна улога во работата на ЕПО. Активно земаше улога во Административниот совет (тело кое го креира и ја следи политиката на ЕПО). Од четири редовни состаноци годишно, активно учествуваше во Комитетот за буџет и финансии, во ТОСК и Комитетот за патентно право.

Вработени во ДЗИС учествуваа на повеќе семинари, работилници организирани од страна на ЕПО како што се: Новост и инвентивен придонес во пријавите за патенти, Пребарување и испитување на европски патентни пријави и Семинари за проектот Квалитет во изворот и Espacenet new.

И во текот на 2018 година, Државниот завод за индустриска сопственост во соработка со ЕПО учествуваше на следниве проекти: Квалитет во изворот како и Espacenet new. Активно се работеше со нивните експерти со цел да се подобри квалитетот на податоците кои се разменуваат со ЕПО. Исто така, во 2018 година се отпочна со преведувањето на брошури и книги на ЕПо како и со преведување на електронските одули за учење.

**Соработка со Заводот за интелектуална сопственост на Европската Унија (EUIPO)**

Во текот на 2018 година, Заводот во соработка со Заводот за интелектуална сопственост на Европската Унија ( ЕУИПО ), беа договарани проекти кои што се од интерес за Државниот завод за индустриска сопственост и за корисниците на услугите на Заводот. Овие проекти треба да се реализираат во текот на 2019 година. Меѓу позначајните проекти се e- filing и CESTO. Вработените од Заводот редовно учествуваа на состаноците што се организирани од страна на Заводот за интелектуална сопственост на Европската Унија ( EUIPO).

## IV. УЧЕСТВО НА КОМИТЕТИ И СОСТАНОЦИ

Претставници на Државниот завод за индустриска сопственост учествуваа во работата на телата на СОИС и ЕПО и на други работни состаноци односно на:

1. Учество на  Комитет на експерти за меѓународната класификација за патенти што се одржа од 8-9 февруари 2018 година, во Женева – Швајцарија;
2. Учество  на Комитетот за патентно право кој се одржа на 20 февруари 2018 година, во Минхен– Германија;
3. Учество на состанокот на Комитетот за буџет и финансии што се одржа во Европската патентна организација на 14 март 2018 година, во Минхен – Германија;
4. Учество на “13-тиот Лиасон состанок за техничка соработка”; кој се одржа во периодот од 20-22 март 2018 година во Аликанте-Шпанија;
5. Учество на  155-та Седница  на Административниот совет на ЕПО  што се одржа од 21-22 март 2018 година, во Минхен – Германија.
6. Учество на “19-тиот Лиасон состанок за трговски марки”; кој се одржа во периодот од 17-18 април 2018 година во Аликанте-Шпанија;
7. Учество на “Комитетот за техничка и оперативна поддршка на ЕПО“кој се одржа на 23-24 април 2018 година, во Минхен-Германија;
8. Учество на 39-та Сесија на постоечкиот Комитет за правата од областа на трговските марки, индустриски дизајн и географски ознаки што се одржа од 23-26 април 2018 година, во Женева – Швајцарија;

9. Учество на “Комитетот на експерти на Ничанската унија за класификација на стоки и услуги“ кој се одржа од 30 април - 4 мај 2018 година, во Женева-Швајцарија;

10. Учество на “Комитетот за развојот и интелектуалната сопственост (CDIP)“ кој се одржа од 14-18 мај 2018 година, во Женева-Швајцарија;

11. Учество на Подкомитет за внатрешен пазар и конкуренција 13-ти состанок кој се одржа на 30 мај 2018 година во Брисел-Белгија;

12. Учество на состанокот на Комитетот за буџет и финансии што се одржа во Европската патентна организација на 16-17 мај 2018 година, во Минхен – Германија;

13. Учество на Меѓувладин комитет за интелектуална сопственост и генетски ресурси, традиционално знаење и фолклор, што се одржа од 25 до 29 јуни 2018 година, во Женева – Швајцарија;

14. Учество на 156-та Седница на Административниот совет на ЕПО што се одржа од 27-28 јуни 2018 година, во Минхен – Германија.

15. Учество на “58-та Серија на состаноците на Собранието на земјите членки на WIPO” кој се одржа од 24 септември -2 октомври 2018 година, во Женева – Швајцарија;

16. Учество на Меѓувладин комитет за интелектуална сопственост и генетски ресурси, традиционално знаење и фолклор, што се одржа од 27 до 31 август 2018 година, во Женева – Швајцарија;

17. Учество на 157-та Седница на Административниот совет на ЕПО што се одржа од 10-11 октомври 2018 година, во Минхен – Германија.

18. Учество на состанокот на Комитетот за буџет и финансии на Европската патентна организација што се одржа на 24 октомври 2018 година, во Минхен – Германија;

19. Учество на 40-та Сесија на постоечкиот Комитет за правата од областа на трговските марки, индустриски дизајн и географски ознаки што се одржа од 12-16 ноември 2018 година, во Женева – Швајцарија;

20. Учество на Комитетот за развој на интелектуалната сопственост (CDIP), кој се одржа од 19-23 ноември 2018 година, во Женева – Швајцарија;

21. Учество на Комитетот за правото на патенти, кој се одржа од 3-6 декември 2018 година, во Женева – Швајцарија;

22. Учество на Меѓувладин комитет за интелектуална сопственост и генетски ресурси, традиционално знаење и фолклор, што се одржа од 10 -14 декември 2018 година, во Женева – Швајцарија;

23. Учество на 158-та Седница на Административниот совет на ЕПО што се одржа од 12-13 декември 2018 година, во Минхен – Германија.

## V. УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, СЕМИНАРИ, ОБУКИ

Претставници на Државниот завод за индустриска сопственост учествуваа на конференции, семинари и обуки во странство, и тоа:

1. Учество на Меѓународна Конференција за интелектуална сопственост во полето на новата технологија која се одржа од 1-2 февруари 2018 година во Москва – Русија;

2. Учество на Информативниот ден за соработка со државите членки и состанок со контакт лицата на Академијата што се одржа во периодот од 27-28 февруари 2018 година во Минхен – Германија;

3. Учество на Меѓународна Конференција на тема "Индустриска сопственост – денес и утре" која се одржа од 15-16 март 2018 година во Софија - Р. Бугарија;

4. Учество на семинар на тема: "Трговски марки-Апсолутни причини за одбивање" кој се одржа во периодот од 11-15 март 2018 година во Аликанте– Шпанија;

5. Учество на семинар на тема: "Анализи на патентни пријави" кој се одржа во периодот од 21-23 март 2018 година во Лисабон – Португалија;

6. Учество на семинар на тема: "Испитување на патенти" кој се одржа во периодот од 21-23 март 2018 година во Лисабон – Португалија;

7. Учество на семинар за апсолутните причини што се одржа на 12-14 март 2018 година, во Аликанте – Шпанија;

8. Учество на семинар на тема: "ЕП систем од поднесување до признавање" што се одржа на 10-13 април 2018 година, во Букурешт – Романија;

9. Учество на семинар на тема: "Пред дијагноза за индустриска сопственост" што се одржа на 18-19 април 2018 година, во Белград – Србија;

10. Учество на конференција PATLIB 2018 што се одржа на 03-04 мај 2018 година, во Љубљана– Словенија;

11. Учество на ИП Семинар за заштитата на правата од индустриска сопственост што се одржа на 7-8 мај 2018 година во Аликанте – Шпанија;

12. Учество на семинар на тема: "Патентирање на вештачка интелигенција" што се одржа на 30 мај 2018 година, во Минхен – Германија.

13. Учество на "Работилница за правен развој на меѓународната регистрација на марките" што се одржа во периодот на 2-6 јули 2018 година во Женева, Швајцарија;

14. Учество на семинар на тема: "Пред дијагноза за индустриска сопственост" што се одржа на 26-27 јуни 2018 година, во Аликанте – Шпанија;

15. Учество на "Работилница за правен развој на Хашкиот систем за меѓународната регистрација на индустриски дизајни" што се одржа во периодот на 16-18 јули 2018 година во Женева, Швајцарија;

16. Учество на “Семинар за Хашкиот систем за меѓународната регистрација на индустриски дизајни” што се одржа во периодот на 19 јули 2018 година во Женева, Швајцарија;

17. Учество на 5-тото издание на ИС Извршна недела што се одржа во Минхен – Германија од 9-12 јули 2018 година.

18. Учество на ИС семинар и техничка обука за темната страна на интернетот “ДАРКНЕТ” што се одржа на од 12-14 ноември 2018 година, во Аликанте – Шпанија;

19. Учество на Меѓународната конференција “Почит за Индустриската сопственост-Растење од Типот на Африка” што се одржа на 23-25 октомври 2018 година, во Сандтон, Јужна Африка;

20. Учество на конференција на тема: “Патентни информации EPO PIC 2018”, што се одржа на 12-14 ноември 2018 година, во Брисел, Белгија;

21. Учество на семинар на тема: “Зелени технологии и обновливи енергии – Иновација и патентирање” што се одржа на од 20-23 ноември 2018 година, во Осло – Норвешка;

22. Учество на конференција на тема: “Патентирање на блоксинџир”, што се одржа на 4 декември 2018 година, во Хаг, Кралство Холандија;

23. Учество на семинар на тема: “Европскиот процес за доделување патенти: единство, приоритет, поделби и постапка за пост-доделување” што се одржа на 4-5 декември 2018 година, во Париз – Франција.

## VI. ЕВРОПСКИ ИНТЕГРАЦИИ

### *Националната програма за усвојување на правото на Европската унија*

Државниот завод за индустриска сопственост како институција определена за раководење со работната група за Поглавјето 3.07. - Право на интелектуална сопственост и во текот на 2018 активно учествуваше во следење на спроведувањето на предвидените активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), како сеопфатен долгорочен документ кој ја дефинира динамиката на усвојувањето на правото на ЕУ, стратегиските насоки, политиките, реформите, структурите, ресурсите и роковите што треба да се реализираат со цел Република Македонија да ги исполни условите за членство во Европската унија. За таа цел Државниот завод за индустриска сопственост одржуваше месечни состаноци, подготвуваше месечни и квартални извештаи, учествуваше на седниците на Работниот комитет и на Поткомитетот на работниот комитет за европска интеграција, во координација со институциите од Поглавјето 3.7 и Секретаријатот за европски прашања.

Инаку, претставник на Државниот завод за индустриска сопственост учествуваше на состанокот на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренци

ја кој што се одржа во мај 2018 година во Брисел.

## VII. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ

Во октомври 2018 година, во рамите на активностите за одбележување на 25 годишнината на Заводот се спроведе кампања со мотото “Месец на ИС – 25 години ДЗИС”. Во рамките на кампањата беа превземени промотивни активности во седум градови во државата, и тоа во Штип, Струмица, Битола, Охрид, Струга, Тетово и Скопје. Во сите градови, беа одржани семинари со бизнис заедниците на градовите (во соработка со општинските власти) и беа поставени штандови на кои се делеше промотивен материјал, се даваа информации за правата од индустриска сопственост како и се одговараше на поставените прашања од страна на заинтересираните граѓани.

Исто така, ДЗИС презеде редовни активности поврзани со јакнењето на јавната свест: обука на студенти од Правниот факултет “Јустинијан Први“ во ДЗИС; одбележување на Светскиот ден на интелектуална сопственост и организирање на традиционалната манифестација “Патент на годината“.

### *Светски ден на интелектуалната сопственост 2018*

По повод 26 април – Светскиот ден на интелектуална сопственост, на 26 Април 2018година, Државниот завод за индустриска сопственост ја одржа традиционалната Манифестација Патент на годината. Целта од одржување на настанот е не само да се поттикне креативноста и творештвото на мекедонските пронајдувачи туку и да се искористи системот на заштита на правото со патент во нивното деловно работење.

### *Изложби*

Учество на “35-та Меѓународна изложба на пронајдувачи на нови технологии и индустриски дизајн Пронаоѓаштво – Белград 2018” и “4-та Изложба на млади иноватори – Белград 2018” кои се одржаа во Земун-Белград на 7-11 мај 2018 година.

Учество на 39-та Меѓународна изложба на пронајдоци, технички унапредувања, нови производи и творештво на млади МАКИНОВА 2018 што се одржа во периодот од 24-28.10.2018 година во организација на СПАТУМ. Државниот завод за индустриска сопственост преку свои претставници, кои беа членови на меѓународната оценувачка комисија, додели награди за пријавен или заштитен патент, жена иноватор и за млад иноватор.

Учество на “11-та Меѓународна изложба на жени пронајдувачи на Кореја – KIWIE 2018“ што се одржа од 28 јуни – 3 јули 2018 година во Сеул, Јужна Кореја, во организација на Асоцијацијата на жените пронајдувачи на Кореја – KWIE и поддршка од Корејанскиот завод за интелектуална сопственост – КИРО и од Светската организација за интелектуална сопственост - WIPO. На изложбата земаа учество над 500 жени пронајдувачи од над 30 земји. Република Македонија се претстави со два пронајдока кои беа наградени со четири златни и две сребрени медали, проследени со Дипломи.

Учество на 3-тиот Меѓународен саем на пронајдоци во Истанбул што се одржа во Истанбул-Турција на 27-29 септември 2018 година.

## VIII. ЗАСТАПНИЦИ

Во 2018 година беа впишани 12 нови застапници во регистарот на застапници, а од регистарот беа избришани 3-ца застапници.

## IX. ОПШТИ РАБОТИ

***ИТ поддршка***

Државниот завод за индустриска сопственост располага со сопствени бази на податоци за пријавени и заштитени права од индустриска сопственост (патенти, трговски марки, индустриски дизајн и географски називи). За нивна обработка се користи програмата IPAS - Industrial property Administration System што е платформа развиена од Светската организација за интелетуална соптвеност (WIPO) која служи за управување со кориснички документи. Самиот IPAS е клиент - сервер веб платформа развиена на т.н. Java технологија, која овозможува администраторскиот и клиентскиот IPAS да комуницираат со базата на податоци која е на Oracle платформа, каде што се чуваат сите податоци .

За административното работење на Државниот завод за индустриска сопственост во одделението за прием и обработка на документите за стекнување на права од индустриска сопственост и во одделението за општа архива се користи програма на база на Lotus Notes што е апликациски софтвер, платформа развиена од IBM и е клиент сервер платформа која се користи за следните услуги:

- електронска пошта (e-mail);
- веб-сервер, каде е хостирана веб-страницата на ДЗИС и апликација за управување со веб-страницата, и
- софтвер за архивско работење со уписниците и деловодникот.

***Прием на документи***

Прием и обработка на документи за стекнување на права од индустриска сопственост се извршени во програмата IPAS и е обработен следниот обем на документи за 2018 година:

- *трговски марки*:

поднесени се 8367 нови пријави за трговски марки, од кои 843 национални пријави за трговски марки, 7524 пријави за меѓунардна регистрација на трговски марки, издадени решенија за признавање на трговски марки 1511;

- *патенти*:

поднесени се 1094 нови пријави за патенти, од кои 32 домашни пријави за патенти и 1060 нови пријави на странски патенти, PCT пријави 2, издадени решенија  1277;

- *индустриски дизајн:*

поднесени се 33 пријави за индустриски дизјан, издадени решенија 35 ;

- *други дејствија:*

извршени се приближно 87.700 дејствија коишто се однесуваат на издавање на документи за утврдување на датум на поднесени документи за признавање на правата од индустриска сопственост, прием на документи за платени такси за признаени права од индустриска сопственост, прием на документи за доставени барања за објави на права од индустриска сопственост, заверка на документи и други дејствија.

***Издавачка дејност***

Државниот завод за индустриска сопственост согласно законската обврска секој месец во годината издава службено гласило "Гласник". Уредувањето, обработката и објавувањето на материјали од доменот на заштитата на индустриската сопственост во "Гласник" се врши во ДЗИС.

Истовремено се подготвува и издава извештај за работата на ДЗИС за секоја измината година.

***Финансиско работење***

Обврските од областа на финансиско работење ги извршуваат вработените од Службата за општи и заеднички работи при Владата на Република Северна Македонија . Во текот на 2018 година извршени се сите обврски во врска со сметководственото работење на Заводот (изготвување буџет, годишни и квартални планови, прегледи на неизмирени обврски на крајот од секој изминат месец, разни видови информации на барање на одговорни лица од ДЗИС и Министерството за финансии и Генералниот секретар при Владата на Република Северна Македонија, изготвување плати, годишна пресметка, пописи на основни средства, статистички извештаи и ГДП).

1. Доставуван е квартален план за I, II, III и IV квартал во 2018 година за користење на буџетските средства.

2. Заради редовно измирување на обврските на ДЗИС, од Министрерството за финансиии - Сектор за буџет, неколку пати е барана пренамена на буџетски средства коишто се спроведени соодветно во кварталните планови во 2018 година заради намирување на трошоци што се однесуваат на патни и дневни трошоци и тековно одржување, како и заради намирување на обврски према Европската патентна организација.

3. Во согласност со обврските за следење на Буџетот за 2018 година, до секој 10-ти во месецот, до Министерството за финансии - Сектор за трезорско работење се доставува извештај за неизмирени обврски за претходниот месец.

4. Во согласност со заклучоците на Владата на Република Северна Македонија во врска со спроведување на пакетот на антикризни мерки, редовно и во рок во текот на 2018 година се доставувани:

- информација за службени патувања;
- информација за намирување на обврските.

***Финансиски аспекти на работата за 2018 година***

***Приходи од работата на ДЗИС што се уплатуваат во Буџетот на Република Северна Македонија***

Во текот на 2018 година, на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија, биле уплатени средства во вкупен износ од 30.371.642,00 денари, поврзани со правата на индустриска сопственост (патенти, трговски марки и индустриски дизајни), согласно Законот за административните такси („Службен весник на Република Македонија" број 17/93, 20/96, 7/98, 13/2001, 24/2003, 19/2004, 61/2004, 95/2005, 70/2006, 92/2007, 88/2008, 130/2008, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15 и 23/2016) и тоа:

- приходи поврзани со правото на патент во износ од 17.356.392,00 денари;
- приходи поврзани со правото на трговска марка во износ од 12.838.250,00 денари и
- приходи поврзани со правото на индустриски дизајн во износ од 177.000,00 денари

Горенаведените приходи се уплатени во Буџетот на Република Северна Македонија по следните основи:

- за поднесување на пријави за патент, трговски марки и индустриски дизајн;
- за стекнување и одржување на правото на патент, трговски марки и индустриски дизајн;
- за барање на промени во регистрите на пријавени и признаени права;
- за поднесување на приговори, огласување на решение за ништовно и барање за престанок на важење поради некористење;
- за поднесување на меѓународни пријави;
- за издавање потврди.

***Приходи од работата на ДЗИС што ги задржува Заводот согласно меѓународните договори и Тарифата на Заводот***

Вкупните приходи на ДЗИС во 2018 година, остварени од Светската организација за интелектуална сопственост - Женева, врз основа на спроведување на заштита на правата од индустриска сопственост согласно Мадридскиот договор и протоколот за меѓународна заштита на трговските марки и Хашкиот договор за меѓународна заштита на индустриски дизајн како и приходите од Европската патентна организација (ЕПО) - Минхен, за заштита на патентни права, изнесуваат 33.374.781,00 денари, и тоа:

- приходи од Светската организација за интелектуална сопственост - Женева, во износ од 32.692.101,00 денари; и
- приходи од Европската патентна организација (ЕПО) - Минхен, во износ од 682.680,00 денари.

Вкупните приходи на *Државниот завод за индустриска сопственост* во 2018 година, остварени согласно *Тарифата на Заводот* („Службен весник на Република Македонија" број 128/09 и 42/2019), изнесуваат 7.587.474,00 денари, и истите се стекнати по следните основи:

- трошоци за објава
- пребарување во бази на податоци
- изводи и
- исправи за трговски марки, патенти и индустриски дизајн.

Во делот финансиски показатели сврзани со реализација на буџетот на ДЗИС, можеме да ги наведеме следните показатели.

**Буџет за 2018 година (во денари)**

| Буџет на ДЗИС | Ребаланс 2018 | Буџет 2018 | Ребаланс на Буџет за 2018 со извршени пренамени на средства | Реализација Буџетот за 2018 година | Реализација на Буџетот за 2018 г. во % |
|---|---|---|---|---|---|
| **Програма 20 - заштита на индустриската сопственост во тоа:** | **40.450.000** | **40.450.000** | **40.391.600** | **40.033.001** | **99.11%** |
| **Расходи** | | | | | |
| **40 - плати и придонеси** | **17.640.000** | **17.250.000** | **18.396.600** | **18.316.600** | **99,57%** |
| **42 - стоки и услуги** | **18.010.000** | **19.400.000** | **17.905.000** | **17.629.040** | **98,46%** |
| **420 – патни и дневни расходи** | **2.000.000** | **2.000.000** | **2.400.000** | **2.398.521** | **99,94%** |
| **421 - комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **3.000.000** | **3.000.000** | **2.400.800** | **2.096.255** | **87,31%** |
| **423 -материјали и ситен инвентар** | **910.000** | **1.300.000** | **830.000** | **829.640** | **99.96%** |
| **424 – поправки и тековно одржување** | **2.000.000** | **2.000.000** | **1.780.000** | **1.777.126** | **99,84%** |
| **425 – договорни услуги** | **8.000.000** | **9.000.000** | **8.575.000** | **8.536.902** | **99,56%** |
| **426 – други тековни расходи** | **2.100.000** | **2.100.000** | **2.000.000** | **1.990.596** | **99,53%** |
| **464 – субвенции и трансфери** | **3.000.000** | **3.000.000** | **2.550.000** | **2.547.428** | **99,90%** |
| **480 – купување на опрема и машини** | **500.000** | **500.000** | **500.000** | **499.959** | **99,99%** |
| **485–вложувања и нефинансиски средства** | **1.300.000** | **300.000** | **1.040.000** | **1.039.974** | **100,00%** |

1. Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2018 година („Сл. весник на РМ" бр.196/2017) определен е буџет на Државниот завод за индустриска сопственост во висина од 40.450.000 денари, и со извршените пренамени во буџетот на ДЗИС тој изнесуваше 40.450.000 денари. Во процесот на реализација на буџетот на ДЗИС за 2018 година се направени неколку пренамени во буџетските ставки со цел за поголема функционална реализација на доделените буџетски средства.

При тоа искористувањето на расположивите средства од буџетот на ДЗИС за 2018 година изнесува 40.391.600 денари, што во однос на буџетот со извршена пренамена изнесува 99.11%.

2. Во делот на Расходите - средствата наменети за основни плати и придонеси за социјално осигурување, реализирани се со 99,57%, и тоа од планираните со пренамената во буџетот на ДЗИС за 2018 година 18.396.600 денари за 35 вработени, реализирани се 18.316.600 денари за 35 вработени.

Во Државниот завод за индустриска сопственост на 1 јануари 2018 година биле вработени 35 државни службеници, директор и заменик директор.
На 26 март 2018 година согласно член 104 став 1 од Законот за работни односи (Сл. Весник на РМ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16), и член 98 став 5 алинеја 6 од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016), на 1 вработен му престана работниот однос по сила на закон со навршување на 64 години старост и вкупниот број на вработени во Заводот изнесувал 34 вработени, директор и заменик директор.

3. Во делот на Расходите – средствата наменети за стоки и услуги, од планирните со пренамената во буџетот за 2018 година во висина од 17.905.000 денари се реализирани 98,46 % или 17.629.040 денари, при тоа:
3.1. Расходите за патни и дневни се реализирани со 99,94 %, што се должи на реализација на најнеопходните службени патувања сврзани со пристапувањето на ДЗИС во работните тела на Светската организациа за интелектуална сопственост – WIPO во Женева и Европската патентна организација – ЕПО во Минхен;
3.2. Расходите за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт се реализирани со 87,31 % и покрај порастот на цените на овие трошоци во текот на годината;
3.3. Расходи за материјали и ситен инвентар реализирани се со 99,96 %.
3.4. Расходи за поправки и тековно одржување реализирани се со 99,84 %.
3..5. Расходи за договорни услуги се реализирани со 99,56 % и тоа за: кирија, надоместоци на плати, награди за пронајдувачи доделени на манифестациите: "Патент на годината" и "Макинова" други трошоци.
3.6. Други тековни расходи се реализирани со 99,53 % - трошоци за манифестации ( "26 – април Светски ден на интелектуалната сопственост" и "Макинова") советувања и огласи во јавните средства за информирање во согласност со ЗОУП.
3.8. Капиталните расходи
3.9. – набавка на основни средства се реализирани со 99,99 %
- набавка на софтвер се реализирани со 100,00 %.